Бр: 03-164/2
Скопје: 14.09.2022

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10), а врз основа на Барањето на мислење добиено од Владата на Република Северна Македонија преку Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресорси и инвестиции бр. 09—7346/1 од 22.08.2022 година (Наш број 03-164/1 од 25.08.2022 година), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 14.09.2022 година го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

Најавата за реализацијата на инвестициски проект на Друштвото за програмирање и услуги Хај Тек Инжинеринг Центар ДООЕЛ Скопје, предвидува реализација на нов инвестициски проект за основање на нов развоен и истражувачки центар во нашата земја, во која е предвидено да се вработат инжинери и дизајнери за развој на нов високо технолошки софтвер, дигитализација и создавање на високо-технолошки производи и е во согласност со Законот за контрола на државната помош и Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош („Службен весник на РМ“ бр. 109/13), под услов вкупниот интензитет на регионалната помош кој Друштвото за програмирање и услуги Хај Тек Инжинеринг Центар ДООЕЛ Скопје би ја добила од државата како индивидуална помош и/или преку шема на помош да не надминува 50% од оправданите инвестициски трошоци, со тоа што корисникот на помошта задолжително мора да учествува со најмалку 25% во финансирањето на проектот, согласно член 5 став 4 од Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на регионална помош, а инвестицијата да се одржува најмалку 5 години по целосната реализација, согласно член 6 став 1 од Уредбата.

Давателот на државната помош е должен да поднесе известување за планирано доделување на индивидуална државна помош, согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош и Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на РМ“бр. 142/11), како и на Образец I од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**